Стрип 2 – Февруари – Одржлива мода

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




ЕЈЈЈЈ НЕ!
МИ СЕ СКИНА ОМИЛЕНАТА МАИЦА
МОЖЕ ЛИ ДА СЕ СОШИЕ?
НЕ,
ЌЕ И КАЖАМ НА МАЈКА МИ ДА МИ КУПИ НОВА
ДАЛИ ЗНАЕШ ДЕКА СЕ ПОТРЕБНИ 2.700 ЛИТРИ ВОДА ЗА ДА СЕ НАПРАВИ ЕДНА ТАКВА МАИЦА?
ХМ...
КОЛКУ Е ТОА?
ТОА Е КОЛИЧЕСТВО ВОДА СО КОЕ МОЖЕ ДО ВРВ ДА СЕ НАПОЛНАТ ДЕВЕТ КАДИ
ИСТО ТАКА, ЗА ДА СЕ ПРОИЗВЕДЕ МАИЦАТА ПОТРЕБЕН Е МНОГУ ПАМУК, А И ЕНЕРГИЈА ЗА ДА СЕ ДОНЕСЕ ДО МОЛОТ ВО ТВОЈАТА НАСЕЛБА
ПАМУК
ПАМУК
ПАМУК
ПАМУК
КУПУВАЊЕТО НОВА МАИЦА НЕ Е ДОБРО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА


МОЖЕШ ДА КУПИШ ИСТА ТАКВА МАИЦА ОД ПРОДАВНИЦА ЗА УПОТРЕБУВАНА ОБЛЕКА
РАСПРОДАЖБА
ТОА Е СУПЕР ИДЕЈА БОРЈАН
СЕГА ЌЕ ОДАМ ТАМУ. СТАРАТА МАИЦА ЌЕ ЈА ФРЛАМ ВО КОРПА ЗА ОТПАДОЦИ
НЕЕЕЕ!
ПОТРЕБНИ СЕ 5-6 МЕСЕЦИ ЗА ПАМУКОТ ДА СЕ РАЗГРАДИ НА ДЕПОНИЈА. ЗОШТО НЕ ЈА УПОТРЕБИШ ЗА НЕШТО ДРУГО?
ХМММ... МОЖАМ ДА СИ НАПРАВАМ МАРАМА ЗА НА ГЛАВА
ИЛИ КУЛ ЏЕМПЕР ЗА МОЕТО КУЧЕ
БРИЛИЈАНТНА ИДЕЈА!
ТИ БЛАГОДАРАМ ЗА ПОМОШТА БОРЈАН
Малите промени може да направат големи разлики

# Совети за родителите

Вклучете го целото семејство во процесот на рециклирање преку неколку едноставни чекори:

- **Бидете пример:** Покажете им на децата како може да се сошие скинатата облека или за што би можела да се искористи ако не може да се сошие.
- **Создадете услови:** Однесете ги децата во продавница за употребувана облека во вашиот град за да разгледаат и да одберат нешто што би сакале да го купат.
- **Креирајте свесност:** Поттикнете ги децата да дознаат нешто повеќе за различните материјали од кои се прави облека и помогнете им да научат како се произведува облеката.
- **Дискутирајте:** Зборувајте со децата од каде доаѓа облеката што ја носат. На поголемите деца може да им објасните и за ниските плати што ги добиваат луѓето во текстилните фабрики во далечните земји.

Еве еден супер интересен предлог. Вклучете го целото семејство во забавна активност за реупотреба на старата облека. Најдете по една стара маица на секој член од семејството. Исечете форми или слики од предната страна на маицата и сошијте ги заедно за да направите чаршав што сите ќе го користите.

## Забавна активност за најмладите

### ОДРЖЛИВА МОДА

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | Е | С | И | Р | А | Б | О | Д | Ф | Г | Х | Ч | У | Р |
| Е | Р | Е | С | И | Н | О | П | А | В | Л | О | В | Б | Њ |
| Ж | Е | О | Б | Л | Е | К | А | М | А | Р | Е | О | В | А |
| Г | Б | Д | М | А | Л | О | М | У | Ф | А | С | Д | Ф | З |
| А | Х | Р | О | Н | А | Л | У | Л | Г | У | М | А | Р | Љ |
| К | О | Ж | А | С | П | У | К | У | А | Л | А | И | А | Р |
| Р | П | Л | Р | А | Г | Т | Р | А | Н | Г | И | С | Џ | Т |
| М | Л | И | К | О | Р | Н | Е | Н | Е | Р | Г | И | Ј | А |
| Н | Т | В | О | С | А | К | Л | Е | С | Е | Н | Л | А | У |
| Е | Ќ | О | Д | Г | О | В | О | Р | Н | О | И | А | М | Ј |
| Б | Е | С | Р | И | С | О | З | М | Е | Р | Р | Н | О | Х |
| Р | К | Т | О | П | И | С | Р | И | Ш | Г | В | И | М | Ф |
| У | Р | У | П | О | Т | Р | Е | Б | У | В | А | Н | О | Р |
| М | Х | Е | К | Л | А | М | П | Р | А | С | Н | О | Д | Д |
| И | Ј | Н | Г | Х | Т | Х | У | О | Р | Е | Б | У | А | С |

Пронајди ги зборовите: Одржливост; Облека; Кожа; Употребувана; Мода; Памук; Вода; Одговорно; Гума; Енергија

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.